Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 28/0306
22.01 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2020 година, врз основа на примена жалба од Петрит Сарачини, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Вечер, со текстот насловен „Расте нервозата кај власта: Владиниот советник Сарачини со навреди за македонските граѓани“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 декември 2019 година, Петрит Сарачини поднесе жалба за текстот со наслов „Расте нервозата кај власта: Владиниот советник Сарачини со навреди за македонските граѓани", објавен на 27 декември 2019 година, на интернет – порталот „Вечер" (www.vecer.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето и клевета.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ отстапи од досегашната пракса преку која, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби контактира со медиумите, кои се предмет на жалба и бара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Со оглед на тоа што порталот „Вечер" целосно се огради од соработка со Советот за етика во медиумите, одговор од медиумот не е добиен.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата со мнозинство гласови одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 13.

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи за текст без автор, чија содржина се заснова на статус на Петрит Сарачини, објавен на социјалната мрежа „Твитер", преку кој тој изразува личен став околу претстојниот изборен циклус во земјава.

Текстот произлегува од јавниот интерес, зашто ставовите на јавните личности се важен фактор во обликувањето на јавното мислење и затоа тие мора да подлежат на строг јавен надзор и критика. Медиумот пренесува став на Сарачини, но проследен со полемичен

коментар и квалификации со политичка конотација. Авторот на текстот генерализира и не прави суштинска разлика меѓу мислењата и фактите.

Оттука, Членовите на Комисијата заклучија дека во содржината е прекршен **членот 13** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во воведната реченица од текстот:

***„Како се бројат деновите на владата во заминување, така се повеќе расте нервозата кај владините и партиските функционери на СДСМ. Нервозни од напуштањето на власта, тие веќе не бираат со какви погрдни зборови и говор на омраза им се обраќаат на политичките неистомисленици“.***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Комисијата, на крајот, констатира и дека оспорениот текст бил објавен на уште неколку други интернет – портали по принципот „copy-paste“, со извесен полемичен коментар од страна на медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот „Вечер“ (www.vecer.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595